Република Северна Македонија
**Општина Охрид**

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

**ОПШТИНА ОХРИД**

Согласно Г2 Програма за за поддршка на развој на туризмот во општина Охрид за 2021 , („Службен гласник на општина Охрид "бр.09-11545/58 од 29.12.2020) и

-**Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид за субвенционирање на даватели на услуги во семестувачки капацитети од мал обем на општина Охрид, со Одлука на совет бр.08-4086/15 од 28.04.2021 година,**

**- Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид за субвенционирање на туристички водичи на општина Охрид, со Одлука на совет бр.08-4086/17 од 28.04.2021 година**

**- Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид за субвенционирање на даватели на услуги во селски туризам и даватели на угостителски услуги во селски домаќинства на општина Охрид, со Одлука на совет бр.08-4086/16 од 28.04.2021 година**

**- Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид за субвенционирање на даватели на услуги поврзани со водениот превоз и други рекреативни активности на вода и плажа на општина Охрид, со Одлука на совет бр.08-4086/14 од 28.04.2021 г.општина Охрид за 2021 г. објавува:**

**ЈАВЕН ПОВИК ЗА**

**субвенционирање на четири (4) категории категории туристички дејности:**

- ***Субвенционирање на даватели на услуги во семестувачки капацитети од мал обем на подрачјето на Општина Охрид***
- ***Субвенционирање на туристички водичи на општина Охрид***
- ***Субвенционирање на даватели на услуги во селски туризам и даватели на угостителски услуги во селски домаќинства***
- ***Субвенционирање на даватели на услуги поврзани со водениот превоз и други рекреативни активности на вода и плажа на општина Охрид***

**1. Опис на јавниот повик**

**Предмет на Јавниот повик е** субвенционирање на **горенаведените туристички дејности( 4 категории) со цел ублажување на последиците од**

Република Северна Македонија
**Општина Охрид**

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

**Пандемијата со Ковид 19 врз туристичкиот сектор** во општина Охрид ,од Г2 Програма за поддршка на развој на туризмот во општина Охрид за 2021(„Службен гласник на општина Охрид "бр.09-11545/58 од 29.12.2020) со вкупен буџет од 1.500.000,00 МКД .

Со оглед на актуелната состојба со Пандемијата со Ковид 19, и последиците кои ги направи врз туристичкиот сектор, неопходно е покрај активните мерки на локално и национално ниво, да се интервенира во туристичкиот сектор и преку обезбедување на разни субвенции на најпогодените туристички гранки и даватели на услуги. Согласно насоките на Светската Туристичка Организација, директното вложување во туристичкиот сектор ќе овозможи барем делумно ублажување на последиците од пандемијата, а со тоа и потенцијално задржување на рејтингот и угледот на дестинацијата, како и минимизирање на бројот на лица кои поради пандемијата прекинуваат да се занимаваат со овие дејности, и намалување на бројот на лица кои ги изгубиле основните приходи.

**2.Право на учество на јавниот повик :**

**За субвенционирање на даватели на услуги во семестувачки капацитети од мал обем на подрачјето на Општина Охрид, с**убвенции можат да остварат сите физички лица даватели на услуги во сместувачки капацитети од мал обем во општина Охрид кои:

- Поседуваат валидно **решение за извршена категоризацијана угостителскиот објект за сместување**, и поседуваат решение за упис во регистарот за угостителска дејност издадени од Градоначалникот на Општина Охрид.
- Имаат валидно решение за упис издадено од Градоначалник на општина Охрид до 31.12.2020.
- Започнале со работење најмалку 1 (една) година пред објавувањето на јавниот повик.
- Се невработени лица

**За субвенционирање на туристички водичи на општина Охрид с**убвенции можат да остварат сите туристички водичи во општина Охрид кои:

- Поседуваат валидно **решение за упис во регистарот на туристички водичи на град Охрид,** издадено од Градоначалникот на Општина Охрид.
- Поседуваат валидна лиценца за туристички водич издадена од Здружение на туристички водичи на РСМ.
- Започнале со работење најмалку 1 (една) година пред објавувањето на јавниот повик.
- Се невработени лица.

**За субвенционирање на даватели на услуги во селски туризам и**

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

**даватели на угостителски услуги во селски домаќинства** субвенции можат да остварат сите даватели во селски туризам во општина Охрид кои:

- Поседуваат валидно **Решение за вршење услуги во селски, етно и еколошки туризам и даватели на угостителски услуги во селски домаќинства**, издадено од Градоначалникот на Општина Охрид.
- Се невработени лица
- Започнале со работење најмалку 1 (една) година пред објавувањето на јавниот повик

**За субвенционирање на даватели на услуги поврзани со водениот превоз и други рекреативни активности на вода и плажа на општина Охрид с**убвенции можат да остварат сите физички лица даватели на услуги поврзани со водениот превоз и други рекреативни активности на вода и плажа во општина Охрид кои:

- Поседуваат валидно решение за регистрирање во регистарот за туристичка дејност, издадено од Градоначалникот на Општина Охрид во периодот од 01.01.2018 година, или физички лица кои во периодот од 01.01.2018 година до денот на објавување на огласот во Управата за јавни приходи пријавиле остварени приходи по основ на реализирани услуги поврзани со водениот превоз.
- Се невработени лица или пензионери.

**3. Начин на пријавување на јавниот повик**

**За субвенционирање на даватели на услуги во семестувачки капацитети од мал обем на подрачјето на Општина Охрид** физичките лица вршители на угостителска дејност од мал обем во град Охрид до комисијата за доделување на субвенции (натамошен текст: комисија) доставуваат:

- Барање за субвенционирање, (Барањето може да се подигне во архивата на општина Охрид или да се обезбеди од интернет страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk ).
- Копија од решението за упис во регистарот за угостителска дејност издадено од Градоначалникот на Општина Охрид.
- Копија од решение за извршена категоризацијана угостителскиот објект за сместување.
- Потврда од агенција за вработување (доказ за невработеност).

**За субвенционирање на туристички водичи на општина Охрид до** комисијата за доделување на субвенции (натамошен текст: комисија) доставуваат:

- Барање за субвенционирање, (Барањето може да се подигне во архивата на општина Охрид или да се обезбеди од интернет страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk).

- Копија на важечко решение за упис во регистарот на туристички водичи на град Охрид, издадено од Градоначалникот на Општина Охрид.

- Копија од валидна лиценца за туристички водич издадена од Здружение на туристички водичи на РСМ

- Потврда од биро за вработување (доказ за невработеност).

**За субвенционирање на даватели на услуги во селски туризам и даватели на угостителски услуги во селски домаќинства** давателите на услуги во селски туризам во град Охрид до комисијата за доделување на субвенции (натамошен текст: комисија) доставуваат:

- Барање за субвенционирање, (Барањето може да се подигне во архивата на општина Охрид или да се обезбеди од интернет страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk ).
- Копија од решение за регистрирање во регистарот за угостителски услуги во селски домаќинства, издадено од Градоначалникот на Општина Охрид, или
- Копија од решение за регистрирање во регистарот за туристичка дејност за вршење на услуги во селски, етно и еколошки туризам, издадено од Градоначалникот на Општина Охрид.
- Потврда од агенција за вработување( доказ за невработеност).

**За субвенционирање на даватели на услуги поврзани со водениот превоз и други рекреативни активности на вода и плажа на општина Охрид давателите на услуги** , до комисијата за доделување на субвенции (натамошен текст: комисија) доставуваат:

- Барање за субвенционирање, (Барањето може да се подигне во архивата на општина Охрид или да се обезбеди од интернет страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk).
  Копија од решение за регистрирање во регистарот за туристичка дејност, издадено од Градоначалникот на Општина Охрид или потврда за остварени приходи по основ на реализирани услуги поврзани со водениот превоз од Управата за јавни приходи во периодот од 01.01.2018 година до денот на објавување на огласот.
- Потврда од агенција за вработување (доказ за невработеност).
- Пензиски чек на барателот (ако е пензионер).

Горенаведената документација целосно пополнета се доставува во оригинал или копии во еден примерок.
Ненавремена и нецелосна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

**4.Начин на спроведување на јавниот повик**

Начинот на спроведување на јавниот повик за сите категории на субвенции е следен:

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

(1) Барањата ќе ги разгледува Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на туристички водичи, формирана од Градоначалникот на Општина Охрид.
(2) Изборот на апликантите кои ги исполнуваат условите утврдени во Јавниот повик**, ќе се прави запазувајќи го принципот "прв дојден, прв услужен",** односно по редослед на поднесување на апликацијата, до исцрпување на расположивите средства.
(3) Исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања, се до исполнување на предвидениот буџет за оваа намена.
(4) Доколку бидат исцрпени предвидените финансиски средства, општина Охрид ќе го објави завршувањето на Јавниот повик преку својата веб-страна. Финансиските средства ќе се сметаат за исцрпени односно доделени кога на предлог на комисијата, Градоначалникот ќе донесе решение за исплата на средствата.
(5) Еден Барател/апликант може да користи/аплицира за субвенции само еднаш по објавениот јавен повик.
(6) Јавниот повик е објавен и на веб страница www.ohrid.gov.mk.
(7) Времетраење на јавниот повик ќе биде 10 денови од денот на објавување на Јавниот повик

Барањата за субвенционирање за сите категории субвенции заедно со потребната документација, граѓаните во затворен плик ги доставуваат до соодветната Комисија, преку Архивата на општина Охрид, ул. Димитар Влахов бр.57, секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот.

**На пликот треба да е наведено "Јавен повик за субвенционирање на различни туристички дејности со цел ублажување на последиците од Пандемијата со Ковид 19 врз туристичкиот сектор во општина Охрид ,од Г2 Програма за поддршка на развој на туризмот во општина Охрид за 2021. "**
***( со назнака за која категорија на субвенционирање се однесува барањето)**

**5. Начин на остварување на правото на надоместок**

Начинот на остварување на правото на надоместок за сите категории на субвенции е следен:

(1) Градоначалникот на општина Охрид врз основа на Предлогот на комисијата носи решение за одобрување на Барањата за субвенционирање на туристички водичи на подрачјето на општина Охрид.

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

(2) Комисијата ги известува барателите кои не ги исполниле условите согласно Јавниот повик за одбивање на барањето.

3) Документите кои ќе бидат доставени имаат важност на чување од 5г.

**6. Висина на субвенции и начин на исплата на субвенциииите**

За сите категории на субвенции висината на субвенција и начин на нејзина исплата е следен:

(1)Средствата што општина Охрид ќе ги субвенционира се во износ 5.000,00 MKD со вклучен пероснален данок во форма на еднократна директна парична помош за секоја субвенција

(2)Субвенцијата се пресметува и исплаќа во денари. Општина Охрид пресметаниот износ на субвенцијата ќе ја уплаќа на сметка на барателот, која дополнително ќе биде побарана од барателот заедно со писмено известување од комисијата дека Барателот ги исполнува условите наведени во правилникот и јавниот повик.

Одобрил:
Сектор за ТЛЕР
Раководител,
М-р Ѓоко Апостолов

**Општина Охрид**
Градоначалник
Константин Георгиески